СОЈУЗ НА СИНДИКАТИТЕ НА МАКЕДОНИЈА
Совет на Сојузот на синдикатите на Македонија
Бр. 0201-484/9
29.12.2016 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 4 точка 7 ст.1, точка 8, точка 9 и чл.8 т. 4 алинеа 17, од Статутот на Сојузот на синдикатите на Македонија(пречистен текст) бр.0702-441/1 од 19.12.2013 година, а во врска со член 3 ст. 6 од Одлуката за измени и дополнување на Статутот на ССМ донесена на 5 седница на Советот на ССМ одржана на 28.12.2016 година бр.0201-484/5 од 29.12.2016 година, Советот на ССМ на 5 седница одржана на 28.12.2016 година донесе :

# ОДЛУКА

## за исклучување на Синдикат на работниците од угостителството, туризмот, комунално- станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на РМ (СУТКОЗ) од ССМ

### Член 1

Се исклучува од членство во ССМ, Синдикатот на работниците од угостителството, туризмот, комунално- станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на РМ (СУТКОЗ) поради непочитување на Статутот на ССМ, Програмата за работа на ССМ и неспроведување на одлуките на органите и телата на ССМ, непочитување на Одлуката за финансирање на ССМ, фалсификување на седница на Советот на ССМ, печат на ССМ и Лого на ССМ, упад во Сојузот на синдикатите на Македонија и рушење на Сојузот на синдикатите на Македонија односно легитимно избраното раководство.

### Член 2

Со исклучувањето на Синдикатот престануваат сите права на членката согласно Статутот на ССМ – просторни, материјални, технички и др.

Се задолжува СИН-АГ ССМ ДООЕЛ Скопје да ја спроведе Одлуката согласно Статутот на ССМ.

### Член 3

Одлуката за исклучување да се достави до Министерството за труд и социјална политика со цел да се изврши промена во регистарот кој го води МТСП и да се избрише Синдикатот на работниците од угостителството, туризмот, комунално-станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на РМ (СУТКОЗ) од Регистарот како членка на Сојузот на синдикатите на Македонија.

Одлуката за исклучување да се достави до Синдикатот на работниците од угостителството, туризмот, комунално- станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на РМ (СУТКОЗ)

### Член 4

Синдикатот исклучен согласно член 1 од оваа Одлука во рок од 1 месец од приемот на Одлуката може да поднесе барање до Советот на ССМ за преиспитување на Одлуката.

**Член 5**

Да се брише синдикатот исклучен од ССМ согласно член 1 на оваа Одлука од Статутот на Сојузот на синдикатите на Македонија.

**Член 6**

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:

Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија на својата 5 седница одржана на 28.12.2016 година разгледувајќи ја Одлуката за суспендирање на Синдикатот на работниците од угостителството, туризмот, комунално- станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на РМ (СУТКОЗ) бр.0202-480/6 од 26.12.2016 година го констатираше следното:

Синдикат на работниците од угостителството, туризмот, комунално- станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на РМ (СУТКОЗ) и неговиот претседател Дарко Димовски во континуитет во подолг временски период дејствува спротивно на Статутот на ССМ, не го почитува Статутот и Програмата на ССМ, не ги спроведува одлуките на органите и телата на ССМ, не ги почитува Одлуката на Советот на ССМ за избор на Секретар на Советот на ССМ, Одлуката на 19 Конгрес на ССМ за избор на Претседател на Сојузот на синдикатите на Македонија, Одлуката за финансирање на Сојузот на синдикатите на Македонија и дејствува за рушење на Сојузот на синдикатите на Македонија.
Дополнително претседателот на СУТКОЗ Дарко Димовски учествува и организира насилен упад во Сојузот на синдикатите на Македонија преку наводно свикување и одржување на седница на Совет на ССМ без одржана постапка согласно Статутот на ССМ и Деловникот за работа на Советот на ССМ во кој што пак е предвидена постапка за свикување на седници, постојат предходни постапки доколку станува збор за отповикување кои се разгледуваат на Претседателството на ССМ како иницијативи, а во случајот без никакво образложение, без иницијативи, без знаење на 13 Грански синдикати од вкупно 17, и без учество на членовите на Советот на ССМ од 13 Грански синдикати и спротивно на член 17 точка 5 која предвидува дека отповикување од функција може да поднесат синдикатите кои организираат една половина од членството и една половина од членовите на Советот на ССМ.

Седницата на наводниот Совет од 13.11.2016 година се свикува спротивно на член 3 и 4 од Деловникот за работа на Советот на ССМ бидејќи во член 3 е регулирано дека ( седниците на Советот ги свикува Претседателот на ССМ, седниците на Советот на ССМ се закажуваат најмалку 10 дена пред одржувањето на седницата, а во одделни случаи може да се закаже и во пократок временски период, заедно со поканата за седницата се доставува и предлог Дневен ред) во член 4 е наведено дека( Иницијатива за свикување на седница на Советот на ССМ може да покренат најмалку 1/3 од членовите на Советот на ССМ или синдикати кои организираат 1/3 од вкупното членство во ССМ, иницијативата мора да биде писмено поднесена и образложена до Советот на ССМ, Иницијативата предходно ја разгледува Претседателството на ССМ, рокот за свикување на седница на Советот е најдоцна два месеци од денот на поднесувањето на иницијативата), а Статутот на ССМ во член 17 точка 5 предвидува дека Предлог за отповикување од функција може да поднесат синдикатите кои организираат една половина од членството и една половина од членовите на Советот на ССМ.

Согласно Одлуката на 19 Конгрес на Сојузот на синдикатите на Македонија одржан на 25.5.2015 година и верификуваната листа за членови на Советот на ССМ, вкупниот број на членови на Советот на ССМ е 52. Последната седница на Советот на ССМ , четврта по ред одржана е на 21.9.2016 година каде што предходно е доставена покана на 15.9.2016 година со број 0201-331/1, а оваа седница на Советот на ССМ е последна официјална седница која е одржана. На последната седница на Советот на ССМ одржана на 21.9.2016 година покрај другото донесена е Одлука бр.0201-331/9 за неодржување на седници на Советот на ССМ и Претседателството на ССМ, односно одржување на седници на Советот на ССМ и Претседателството на ССМ по одржувањето на парламенатарните избори во 2016 година која во член 1 гласи : За време на предизборниот и изборниот период на Парламентарните избори нема да се одржуваат седници на Советот на ССМ и Претседателството на ССМ.
На истата седница донесена е Одлука за избор на Секретар на Советот на ССМ бр.0201-331/3. На истата седница врз основа на Неотповиклива оставка од функцијата Секретар на Советот на ССМ бр.0201-265/1 од 28.7.2016 година, а врз основа на член 8,т4 алинеа 9 и член 17,т.1 алинеа 2 и точка 2 од Статутот на ССМ, Советот на ССМ донесе Одлука за констатирање на неотповиклива оставка од функцијата Секретар на Советот на ССМ на м-р Дарко Димовски поради неможност за понатамошно вршење на функцијата Секретар на Советот на ССМ поради здравствени причини.

Согласно Статутот на ССМ член 1,т.2 ССМ е составен од 17 Грански синдикати, а согласно член 9,т.1 Претседателството на ССМ го сочинуваат претседателите на 17 грански синдикати здружени во ССМ.

Претседателот на ССМ д-р Живко Митревски е избран на 19 Конгрес на ССМ одржан на 21.5.2015 година за што е доставена соодветна документација до МТСП. Секретарот на Советот на ССМ е избран на 4 седница на Советот на ССМ со Одлука бр.0201-331/3 од 22.9.2016 година врз основа на член 8, т.4 алинеа 9 од Статутот на ССМ, а во врска со предлогот на Претседателството на ССМ бр.0202-315/8 од 15.9.2016 година. За секретар на Советот на ССМ е избран Методија Димески, воедно и Претседател на СРСВМ.

На одржаната седница спротивно на Статутот на ССМ и Деловникот за работа на Советот на ССМ од 17 Претседатели на Грански синдикати, присуствувале само 4 Претседатели на Грански синдикати, без соодветни овластувања и одобрувања од своите ортани и тела и без предходно спроведена постапка. Во Деловникот за работа и во Архивата на ССМ не постои никаква документација, ниту известување ниту барање за покренување на иницијатива за одржување на седница на Советот на ССМ. Исто така и во Деловодникот и во Архивата на ССМ не постои барање, иницијатива до Претседателството на ССМ за одржување на седница на Претседателство кое ке разгледува иницијатива за свикување на Советот на ССМ и одповикување на носители на функции во ССМ.
Воедно во Архивата на ССМ не се доставени покани до членовите на Советот на ССМ за нивно присуство на седница на Советот, а ниту покана за свикување на седница на Советот на ССМ.
Видно од записникот донесен на седницата спротивно на Статутот и Деловникот за работа на Советот на ССМ , на 13.11.2016 година воопшто не се евидентирани кои од членовите на нестатутарниот Совет на ССМ се присутни, а и записничарот Маре Анчева не е члена на Советот на ССМ.
По однос на погоре наведеното од страна на Пеце Ристески Претседател на СИЕР, Пецо Грујовски Претседател на УПОЗ, Живко Даневски претседател на АГРО и Дарко Димовски претседател на СУТКОЗ, ЛАзе Георгиевски – Претседавач, сторена е злоупотреба и фалсификување на исправи со тоа што се носи Одлука противна по поединечни одредби погоре наведени, на Статутот на ССМ и Деловодникот за работа

на Советот на ССМ со што со умисла се врши класичен фалсификат на исправи со што е исполнета битието на Кривично дело согласно член 378 од КЗ.

ДОКАЗ:

1. Статут на Сојузот на синдикатите на Македонија
2. Деловник за работа на Советот на ССМ бр.0702-571 од 22.12.2010 година
3. Покана за 4 седница на Советот на ССМ бр. 0201-331/1 од 15.9.2016 година
4. Одлука за неодржување на седници на Советот на ССМ бр 0201-331/9 од 20.10.2016 година
5. Одлука за неодржување на седници на Претседателството на ССМ бр.0202-315/31 од 20.10.2016 година
6. Одлука за избор на Претседател на ССМ бр.0201-406/5 од 7.10.2015 година
7. Одлука за верификација на Мандат на членови на Советот на ССМ бр.0201-406/6 од 7.10.2015.

Согласно член 8 точка 8 од Статутот на ССМ јасно е дека со изјаснување на 13 Грански синдикати здружени во ССМ, истите не донеле никакви ставови за отповикување на Претседателот на ССМ и раководството на ССМ ниту пак имале седници на кои разгледувале иницијатива како што не разгледувало ваква иницијатива ни Претседателството на ССМ ниту Советот на ССМ.

ДОКАЗ:

1. Известување од СОБ бр.0302-451/11 од 1.12.2016 година
2. Известување од СРСВМ бр.0302-451/3 од 30.11.2016 година
3. Информација од СШДЕ бр.0302-451/5 од 30.11.2016 година
4. Информација од Синдикат за здравство фармација и социјална заштита на РМ бр.0302-451/7 од 30.11.2016 година
5. Информација од СТКЧ бр.0302-451/8 од 1.12.2016 година
6. Информација од СХНМ бр.0302-451/9 од 1.12.2016 година
7. Информација од ГИФИХ бр.0302-451/10 од 1.12.2016 година
8. Информација од ССЕСМ бр.0302-451/17 од 1.12.2016 година
9. Известување од СПТРМ бр.0302-451/12 од 1.12.2016 година
10. Известување од СРТ бр.0302-451/13 од 1.12.2016 година
11. Одговор на барање СФДМ бр.0302-451/14 од 1.12.2016 година
12. Информација СГИП бр.0302-451/15 од 1.12.2016 година
13. Информација МПС бр.0302-451/16 од 1.12.2016 година

Како претседавач на таканаречената наводно одржана седница на Советот на ССМ се јавува и членот на Советот на ССМ од СУТКОЗ Лазе Ѓеоргиевски кој е потпишан на Записникот и Одлуките донесени на таканаречената наводно одржана седница на Советот на ССМ.

Дополнително Претседателот на СУТКОЗ Дарко Димовски направил фалсификуван печат на Сојузот на синдикатите на Македонија кој го користи за кореспонденција во странство и за вршење на притисок на Органите и телата на ССМ и вработените во Сојузот на синдикатите на Македонија и лажно се претставува пред членовите на Сојузот на синдикатите на Македонија, членовите на Советот на ССМ, Членовите на Претседателството на ССМ и вработените во ССМ како в.д Претседател на ССМ, а злоупотребивајќи го фалсификуваниот печат Претседателот на СУТКОЗ Дарко

Димовски лажо се претставува и пред средствата за информирање со што ги доведува во заблуда членовите на синдикатите здружени во Сојузот на синдикатите на Македонија и Сојузот на синдикатите на Македонија како и граѓаните на Република Македонија.

Дополнително Претседателот на СУТКОЗ Дарко Димовски покрај изработувањето на фалсификуван печт на ССМ го злоупотребува и знакот и логото на ССМ спротивно на Статутот на ССМ.

Исто така Синдикат на работниците од угостителството, туризмот, комунално-станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на РМ (СУТКОЗ) врши уплата на членарина во ССМ спротивно на Одлуката за финансирање на ССМ и спротивно на Меморандумот за финансирање на ССМ потпишан помеѓу СУТКОЗ и ССМ за што неколку пати е е предупреден, односно СУТКОЗ за периодот 2015 и 2016 година нема уплатено членарина во Сојузот на синдикатите на Македонија во висина од 3.370.358,00 денари.

ДОКАЗ:

1.Известување бр.0302-58/1 од 8.2.2016 година
2.Заклучок бр.0202-216/5 од 6.7.2016 година
3.Известување бр.0302-462/1 од 9.12.2016 година.

Врз основа на горе наведеното донесена е вака поставената Одлука.

**Правна поука:** Синдикатот кој е исклучен од ССМ, во рок од 1 месец од примеот на Одлуката може да поднесе барање до Советот на ССМ за преиспитување на Одлуката.

СОВЕТ на
Сојузот на синдикатите на Македонија
Претседател

Д-р Живко Митревски